# ПРАВЕН ПРИРАЧНИК за инвестирање, тргување и собирање на средства преку

funderbeam

платформата

Јуни, 2019 година

pwc

## СОДРЖИНА

1. Вовед ... 3
2. Основи на Funderbeam платформа ... 4
 2.1 Цели на Funderbeam платформа ... 4
 2.2 Кој може да инвестира ... 4
 2.3 Кој може да собира средства ... 4
3. Големата слика ... 5
4. Упатство за македонски Инвеститори ... 7
 4.1 Процес на Инвестирање ... 7
  4.2 Управување со Инвестиционото друштво ... 8
  4.3 Регулирање на односите помеѓу Инвеститорот и Инвестиционото друштво ... 8
  4.4 Потврда за инвестиција ... 8
  4.5 Прекин на договорот за заем ... 9
 4.6 Секундарно тргување ... 9
 4.7 Информирање на Инвеститорите ... 9
5. Упатство за македонски Претпријатија ... 11
 5.1 Кампања ... 11
 5.2 Договарање на условите на инвестицијата ... 12
 5.3 Реализација на инвестицијата ... 12
 5.4 Траење на инвестициониот однос ... 13
 5.5 Надомест ... 13

## 1. Вовед

Funderbeam Market Limited е групација лиценцирана за давање на инвестициски услуги од соодветниот регулаторот во Велика Британија („**Funderbeam групацијата**“ или „**Funderbeam**“). Funderbeam групацијата основа и одржува платформата за финансирање и инвестирање преку која се спојуваат друштва кои сакаат да приберат финансиски средства и инвеститорите кои бараат можности за вложување во компаниите во ран развој („**Funderbeam платформата**“).

Македонска берза АД Скопје, во соработка со Funderbeam групацијата и нејзината подружница Funderbeam CEE, ја промовира Funderbeam платформата во Република Северна Македонија, со цел на истата да учествуваат македонски инвеститори и друштва. Во регионот Funderbeam платформата се користи во Република Словенија и Република Хрватска.

## 2. Основи на Funderbeam платформа

### 2.1 Цели на Funderbeam платформа

Funderbeam платформата е посебна online платформа дизајнирана на начин што овозможува:

- домашни и странски инвеститори (физички и правни лица) да инвестираат во нови друштва и друштва во развој кои се основани во Република Северна Македонија или во странство преку Funderbeam платформата (примарен пазар); и
- понатамошно секундарно тргување на инвеститорите со стекнатите потврди за направените вложувања (секундарен пазар).

Funderbeam платформата е основана со цел полесно:

- прибирање на средства од страна на претпријатија кои се скоро основни или се во рана фаза на развој (во понатамошниот текст „**Претпријатијата**“) од инвестициската јавност; и
- полесно инвестирање на заинтерсирани лица во такви претпријатија (во понатамошниот текст „**Инвеститорите**“).

### 2.2 Кој може да инвестира

Инвеститори се лицата кои вложуваат средства во македонски и странски претпријатија преку Funderbeam платформата.

Инвеститори може да бидат:

- државјани на Република Северна Македонија или странски државјани (физички лица);
- трговски друштва и други правни лица кои се основани и работат во Република Северна Македонија или странски правни лица (правни лица).

### 2.3 Кој може да собира средства

Претпријатијата се трговски друштва кои се основани и работат согласно законите на Република Северна Македонија или некоја странска држава.

Следните домашни Претпријатија може да собираат средства преку Funderbeam платформата:

- друштво со ограничена одговорност основани на неопределено време;
- претпријатија кои што се скоро основани или пак се во рана фаза на развој;
- претпријатија на кои им се потребни средства со цел да ги финансираат своите идеи и прототипи за продукти, услуги или други развојни проекти.

Акционерски друштва и други видови на друштва кои се основани согласно македонските закони не може да организираат кампањи преку Funderbeam платформата.

## 3. Големата слика

Во секоја кампања на капитално финансирање на друштва преку одредена платформа, било да е тоа приватно финансирање од страна на ангели инвеститори и инвестициски фондови или јавна понуда на берза, неопходен е процес на претходни преговори помеѓу друштвото што се финансира, од една страна, и инвеститорите од друга страна за тоа како ќе биде структурирана инвестицијата. Ваквите преговори опфаќаат кои права ќе ги стекнат инвеститорите во друштвото, како ќе биде распределена контролата и гласачките права во друштвото, кои одлуки треба да бидат донесени со одобрение на инвеститорите, пристапот на инвеститорите до информации, начинот на излез од друштвото и сл.

Целта на ваквите преговори е основачите на друштвото да не ја загубат целосната контрола на друштвото и да можат да продолжат да ја реализираат својата претприемачка визија со помош на прибраните средства. Од друга страна, еднакво значајно е инвеститорите да имаат доверба дека нивните инвестиции ќе бидат соодветно заштитени, преку нивна вклученост во одлуките за стратешкиот развој на друштвото и преку гарантирање на правилна распределба економските бенефити од работењето на друштвото. Во спротивно, инвестициските кампањи би биле неуспешни.

Ваквите преговори за структурирање на инвестициите се водат помеѓу основачите на друштвото што се финансира и најголемите и најискусните инвеститори, доколку има поголема инвеститорска група. Истата логика е соодветно поставена и на Funderbeam платформата:

- Секоја кампања за собирање на средства преку Funderbeam платформата мора иницијално да биде поддржана од одреден водечки инвеститор[1], кој се определува уште пред започнување на кампањата на Претпријатието. Водечкиот инвеститор ќе финансира најмногу средства во Претпријатието (20% или повеќе од вкупната инвестиција) и ќе врши директна контрола на работењето на Претпријатието, претставувајќи ги интересите на инвеститорите. Водечкиот инвеститор е врската помеѓу Инвеститорите и Претпријатието кое собира финансиски средства.
- Водечкиот инвеститор ја преговара структурата на инвестицијата со Претпријатието, при што од суштинско значење е да се истакне дека договорените права од инвестицијата (економски права, права на информирање и сл.) ќе бидат идентични и за водечкиот инвеститор и за индивидуалните Инвеститори.
- Инвеститорите кои преземаат обврска да вложат средства во одредено Претпријатие заедно со водечкиот инвеститор формираат инвеститорски синдикат.
- Синдикатот ги уплаќа средствата од инвестицијата во естонско друштво специјално основано за таа намена од страна на Funderbeam групацијата (во понатамошниот текст "**SPV**" или „**Инвестиционо друштво**"). Естонското друштво потоа ги пренесува средствата во Претпријатието што се финансира на Funderbeam платформата.

[1] Водечки инвеститор е лице кое (i) професионално работел во приватно друштво, банкарскиот сектор и сл.; (ii) придонел за раст на други претпријатија со слична дејност како Претпријатието кое собира средства преку Funderbeam платформата; (iii) има висок углед како претприемач и/или инвеститор; и (iv) има скоро направено значајна инвестиција во сличен проект поединечно или како дел од група.


Syndication
LEAD INVESTOR
INVESTORS
SPV / NOMINEE
STARTUP
CASH
FUNDING
€
A C
M E
INVESTMENTS
EQUITY / BOND

## 4. Упатство за македонски Инвеститори

### 4.1 Процес на Инвестирање

По регистрацијата на одредено физичко или правно лице во Funderbeam платформата, таквото лице ќе се стекне со статус на Инвеститор. Понатамошното инвестирање е поделено во следните фази:

- првична индикативна фаза;
- понуда за инвестирање;
- уплата на средствата од Инвеститорите; и
- инвестирање на средствата во Претпријатието.

| **1. Индикативна фаза** |
|---|
| • Инвеститорот избира Претпријатие во кое сака да инвестира (кои Претпријатија собираат средства е јавно објавено на официјалниот веб сајт на Funderbeam);<br>• Претпријатието заедно со Инвеститорот и Funderbeam креираат и објавуваат кампања со цел прибирање на индикативни пријави на интерес од инвеститорите за вложување во Претпријатието;<br>• Инвеститорите преку Funderbeam платформата пријавуваат кој износ се заинтересирани да го инвестираат во одредено Претпријатие. |
| **2. Понуда за инвестирање** |
| • Водечкиот инвеститор и Претпријатието ги разгледуваат податоците за тоа кои инвеститори се заинтересирани да инвестираат во Претпријатието и колкав обем на средства се спремни да инвестираат;<br>• Доколку покажаниот интерес за кампањата е задоволителен, Инвестиционото друштво и Претпријатието се договараат за условите на инвестирање во Претпријатието (како ќе биде процената вредноста на Претпријатието и следствено на тоа, како ќе бидат распределени гласачките права помеѓу Инвестиционото друштво и основачите на Претпријатието, начинот на управување со Претпријатието, начинот на известување на инвеститорите за работата на Претпријатието, исплата на дивиденда, начин на располагање со уделите во Претпријатието итн.);<br>• Претпријатието и водечкиот инвеститор избираат до кои Инвеститори кои покажале интерес за инвестирање во Претпријатието ќе испратат обврзувачка понуда за инвестирање (износот на инвестицијата во понудата ќе биде еднаков на износот на инвестицијата пријавен од страна на Инвеститорот во индикативната фаза);<br>• Водечкиот инвеститор и Претпријатието испраќаат обврзувачка понуда за инвестирање до избраните Инвеститори со опис на условите на инвестицијата како што е опишано во втората алинеја 2 погоре; |
| **3. Уплата на средствата од Инвеститорите** |
| • Инвеститорите кои ја прифатиле понудата за инвестирање се должни да ги уплатат средствата од инвестицијата во Инвестиционото друштво во рок и на начин како што ќе биде определено со самата понуда (доколку не се уплати доволниот износ на средства инвестицијата може да биде одбиена од страна на Претпријатието, водечкиот инвеститор или Funderbeam);<br>• Уплатите можат да се направат преку давање на девизен платен налог во банка или со платежна картичка преку онлајн ПОС терминал;<br>• Вложените средства од инвестицијата се уплаќаат на сметка на Инвестиционото друштво, основано и со седиште во Естонија;<br>• Инвеститорите немаат обврски за поединечно или збирно регистрирање или известување пред НБРСМ за девизните трансакции со Инвестиционото друштво. Воедно, Инвеститорите немаат обврски за достава на било какви дополнителни документи до банките за реализирање на девизните исплати спрема Инвестиционото друштво (освен стандардните девизни платни налози) и за прием на девизни приливи од Инвестиционото друштво. Македонската берза ќе врши збирно известување спрема НБРСМ за сите девизни трансакции преку Funderbeam платформата; |
| **4. Инвестирање на средствата во Претпријатието** |
| • Инвестиционото друштво ги вложува собраните средства од Инвеститорите во Претпријатието во вид на нов паричен влог во основната главнина на Претпријатието, за кој Инвестиционото друштво се стекнува со удел во Претпријатието;<br>• По конечното внесување на средствата во Претпријатието и запишување на Инвестиционото друштво како содружник во Претпријатието, Инвеститорот добива потврда за својата инвестиција преку Funderbeam платформата („**Потврда за инвестиција**“). |

### 4.2 Управување со Инвестиционото друштво

Во Инвестиционото друштво ќе бидат именувани двајца управители, и тоа водечкиот инвеститор и претставник на Funderbeam групацијата.

Како застапник на Инвестиционото друштво кое е содружник во Претпријатието, водечкиот инвеститор ќе може да:

- учествува во стратешкото управување со Претпријатието;
- врши ефективен надзор на работата на Претпријатието; и
- да се грижи дека Претпријатието се придржува до преземените обврски спрема синдикатот на инвеститори, со склучениот содружнички договор.

Од друга страна, претставникот на Funderbeam групацијата, како втор управител, ќе се грижи и ќе врши контрола дека водечкиот инвеститор настапува во најдобар интерес на сите поединечни Инвеститори во синдикатот и ги остварува преземените обврски спрема Funderbeam.

Со тоа, се воспоставува ефективен систем на двојна заштита на Инвеститорите, чија доверба во интегритетот на Funderbeam платформата е од суштествено значење за успешно реализирање на инвестициски кампањи.

### 4.3 Регулирање на односите помеѓу Инвеститорот и Инвестиционото друштво

Средствата од инвестицијата ќе бидат вложени од Инвеститорот во Инвестиционото друштво како посебен нетипичен вид на хибриден заем. Хибридниот заем кој Инвеститорот го дава на Инвестиционото друштво:

- дава условни права на Инвеститорот за отплата на заемот со камата, само доколку Инвестиционото друштво оствари приходи од уделот во Претпријатието; и
- нема рок на достасување.

За таа цел, Инвеститорот како заемодавач и Инвестиционото друштво како заемопримач ќе склучат посебен договор за заем во електронска форма преку Funderbeam платформата („**Договорот за заем**“). Правата што инвеститорите ги стекнуваат врз основа склучениот договор за хибриден заем и дадената инвестиција се подетално опишани во Дел 4.4. подоле.

### 4.4 Потврда за инвестиција

Потврдата за инвестиција се издава на Инвеститорот во електронска форма преку Funderbeam платформата. Потврдата за инвестиција е доказ дека Инвеститорот стекнал права по основ на дадениот хибриден заем на Инвестиционото друштво, согласно Договорот за заем.

Следните права произлегуваат за Инвеститорот од Потврдата за инвестиција:

- Право на добие камата на дадениот заем во износ еднаков на соодветен дел од дивидендата која што ќе ја исплаќа Претпријатието на Инвестиционото друштво како негов содружник;
- Право на враќање на главницата на дадениот заем до износ еднаков на соодветен дел од ликвидационата или стечајната маса која што ќе му припадне на Инвестиционото друштво како содружник во Претпријатието, во случај на ликвидација или стечај на Претпријатието;
- Право на враќање на главницата на дадениот заем до износ еднаков на соодветен дел од остварениот приход од страна на Инвестиционото друштво од продажба на својот удел во Претпријатието (company exit).

Износот кој ќе биде исплатен од Инвестиционото друштво на Инвеститорот ќе зависи од процентот на учество на инвестицијата на конкретниот Инвеститор во вкупниот износ на целата инвестиција на синдикатот во соодветното Претпријатие.

Кога Инвестиционото друштво ќе прими **дивиденда** од Претпријатието, ќе се изврши плаќање по следниот редослед:

- прво ќе се намират трошоците на Инвестиционото друштво кои настанале од примањето на дивидендата, доколку има; и
- потоа ќе се изврши плаќање на камата на Инвеститорот во износ како што е опишано погоре (во овој случај нема отплата на основицата на заемот).

Кога Инвестиционото друштво како содружник ќе прими дел од стечајна или ликвидациона маса, или ќе го продаде уделот во Претпријатието и ќе се стекне со средства од таквиот пренос, со ваквите средства ќе се постапи на следниот начин:

- прво ќе се намират трошоците на Инвестиционото друштво, доколку има; и
- потоа ќе се изврши отплата на основицата на заемот на Инвеститорот во износ како што е опишано погоре.

### 4.5 Прекин на договорот за заем

Договорот за заем, а со тоа и самата инвестиција ќе прекине во случај кога:

- Инвестиционото друштво ќе го пренесе уделот во Претпријатието на трето лице и ќе ја врати основицата на заемот на Инвеститорот, до износ како што е опишано во Дел 4.4 погоре;
- целосно ќе се спроведе постапка за стечај или ликвидација врз Претпријатието.

### 4.6 Секундарно тргување

Инвеститорите може да тргуваат со Потврдите за инвестиција преку Funderbeam платформата. Funderbeam платформата овозможува Потврдата за инвестиција да се пренесе од еден инвеститор на друг за одреден надомест.

Инвеститорот и новиот стекнувач на Потврдата за инвестиција се слободни да се договорат за износот на цената на Потврдата. Вредноста на Потврдата за инвестиција најмногу ќе зависи од успешноста во работењето на Претпријатието во кое се инвестира.

Инвеститорот кој ќе стекне Потврда за инвестиција преку секундарно тргување:

- ќе пристапи кон Договорот за заем како заемодавач, на местото на претходниот Инвеститор;
- ќе ги стекне сите права од Потврдата за инвестиција.

Инвеститорот е должен да се придржува кон правилата дадени во Договор за заем.

### 4.7 Информирање на Инвеститорите

За потребите на инвестиционата кампања, Претпријатието ќе биде должно да објави детални финансиски, деловни и други релевантни информации за своето работење и идни развојни проекции, со цел Инвеститорите да можат да донесат информирана одлука за тоа дали да инвестираат во Претпријатието.

Доколку инвестициската кампања се реализира успешно, Препријатието ќе биде должно да објавува детални информации на континуирана основа за своето работење и перформанси, преку Funderbeam платформата. Таквите информации ги вклучуваат годишните финансиски извештаи на Претпријатието, квартални извештаи на управителите за работата на Претпријатието, значајни деловни информации и сл.

Информациите наведени погоре ќе бидат достапни за Инвеститорите на синдикатот преку веб страницата на Funderbeam https://www.funderbeam.com/.

## 5. Упатство за македонски Претпријатија

За целите на започнување на кампања за собирање на средства преку Funderbeam платформата, потребно е Претпријатието:

- да биде основано како друштво со ограничена одговорност на неопределено време согласно македонските закони и запишано во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија („**Трговски регистар**“);
- да има креирано кампања со која ќе врши промоција на своите производи, услуги или инвестицијата која планира да ја изведе, на потенцијалните Инвеститори преку Funderbeam платформата;
- да ја поднесе таквата кампања до Funderbeam преку Funderbeam платформата, и таквата кампања да биде одобрена од страна на Funderbeam.

Собирањето на средства од инвестиции преку Funderbeam платформата се врши во следните фази:

- водење на кампања;
- определување на условите на инвестицијата; и
- реализација на инвестицијата.

### 5.1 Кампања

Доколку кампањата на Претпријатието е одобрена од страна на Funderbeam, Претпријатието ќе мора да склучи посебен договор со Funderbeam и со Водечкиот инвеститор (во понатамошниот текст „**Договор за услуги**“) со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на трите страни, вклучително:

- услугите што Funderbeam ќе ги овозможи на Претпријатието и на Инвеститорите за иницијално прибирање на финансиски средства и секундарно тргување со Потврдите на инвестиции преку нејзината платформа;
- информациите кои ќе треба Претпријатието да ги достави на Funderbeam и потенцијалните Инвеститори во текот на инвестициската кампања и на континуирана основа по евентуално успешно спроведената кампања;
- обврските за формирање на посебно Инвестиционо друштво со седиште во Естонија за потребите на кампањата и реализирање на инвестициите преку хибриден заем.

Дополнително, Претпријатието заедно со Funderbeam и со Водечкиот инвеститор во писмена спогодба ќе треба да ги дефинираат условите на кампањата:

- минималниот износ кој што ќе треба да се собере преку Funderbeam платформата;
- износот на инвестицијата на Водечкиот инвеститор;
- времето на траење на кампањата; и
- други рокови и услови кои се релевантни за водењето на кампањата.

Со одобрувањето на кампањата и склучувањето на Договорот за услуги, ќе биде основано Инвестиционото друштво во Естонија. Потоа, Претпријатието, Funderbeam, Водечкиот инвеститор и Инвестиционото друштво ќе треба да склучат посебен Договор за регулирање на условите за хибридниот заем што Инвеститорите ќе треба да го дадат на Инвестиционото друштво.

Претпријатието ќе ја води кампањата во целост преку Funderbeam платформата. Претпријатието може да ја прекине кампањата пред нејзината реализација само согласно дефинираните услови за кампања.

## 5.2 Договарање на условите на инвестицијата

Како што беше наведено во точка 4.1 погоре, при креирањето на кампањата, односно по успешното завршување на индикативните фаза кога инвеститорите го пријавуваат својот интерес за вложување на Претпријатието и пред испраќањето на обврзувачки понуди за вложување до Инвеститорите врз основа на изразениот интерес, Претпријатието и Водечкиот инвеститор треба да ги договорат условите на инвестицијата. Договарањето особено ќе се однесува на:

- информациите кои што Претпријатието треба да ги обелоденува на Funderbeam, синдикатот на инвеститори и Инвестиционото друштво во врска со работењето на друштвото (трговски книги, финансиски извештаи, годишни сметки итн.);
- начинот на вреднување на Претпријатието и големината на гласачкото право на Инвестиционото друштво во однос на основачите на Претпријатието;
- мнозинството со кое одредени одлуки треба да се носат на собирот на содружници на Претпријатието;
- органот на управување на претпријатието;
- како ќе се врши надзорот над Претпријатието;
- износот, начинот и рокот на исплаќање на дивиденда од Претпријатието на Инвестиционото друштво како негов содружник;
- начинот на располагање со уделите во Претпријатието, правата на првенство итн.

Страните ги уредуваат договорените услови на инвестицијата во договор и таквите услови задолжително се обзнануваат на Инвеститорите, кога им се испраќа задолжителна понуда за вложување во Претпријатието преку Funderbeam платформата. Дополнително, договорените услови на инвестицијата треба да бидат содржани и во договорот за основање на Претпријатието кој ќе биде поднесен до Трговскиот регистар за целите на реализација на Инвестицијата.

Доколку кампањата од било која причина нема да успее (на пример, нема да бидат собрани минимално потребните средства), инвестицијата нема да се реализира, а уплатените средства од инвеститорите ќе им бидат вратени.

## 5.3 Реализација на инвестицијата

По склучувањето на Договорот за инвестирање, Претпријатието ќе биде потребно да спроведе постапка за зголемување на основната главнина согласно македонската регулатива. Во оваа постапка:

- основната главнина на Претпријатието ќе се зголеми за износот на вкупната инвестиција;
- Инвестиционото друштво ќе ги вложи средствата од инвестицијата во основната главнина на Претпријатието како паричен влог;
- Инвестиционото друштво ќе се стекне со удел во Претпријатието.

Постапката за зголемување на основната главнина треба да се изврши на следниот начин:

| Бр. | Дејство | Одговорна страна | Коментар |
|---|---|---|---|
| 1. | Донесување на одлука за зголемување на основната главнина по пат на преземање на нови влогови. | Моменталните содружници на Претпријатието | Одлуката треба да биде донесена со ¾ мнозинство од сите содружници. Доколку Претпријатието има само еден содружник тогаш доволно е одлуката да биде потпишана од негова страна. |
| 2. | Давање на изјава за преземање на влогот. | Инвестиционото друштво | Влогот се презема со изјава за преземање на влог која што се дава во писмена форма, или електронска форма |
| 3. | Уплата на влогот. | Инвестиционото друштво | Инвестиционото друштво е должно да го уплати влогот во оној износ и во оној рок како што ќе биде определено со одлуката за зголемување на основната главнина на Претпријатието. |
| 4. | Упис на зголемувањето на основната главнина во | Управителот на Претпријатието | По уплатата на влогот од страна на Инвестиционото друштво, управителот на Претпријатието поднесува |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Трговскиот регистар. | | пријава со соодветната документација до Трговскиот регистар.<br>Заедно со документацијата ќе треба да се поднесе и пречистен текст на договорот за основање на Друштвото во кое ќе бидат определени условите на инвестицијата. |
| 5. | Издавање на решение за упис на зголемувањето на основната главнина. | Трговскиот регистар | По издавањето на решението за упис на зголемувањето на основната главнина од страна на Трговскиот регистар, Инвестиционото друштво ќе стане содружник во Претпријатието. |
| 6. | Регистрирање на паричниот влог на Инвестиционото друштвото како директна странска инвестиција | Претпријатието | Доколку со вложувањето во Претпријатието, Инвестиционото друштво се стекне со удел во основната главнина или со право на одлучување од над 10% во Претпријатието, во рок од 60 дена по уписот на зголемувањето на основната главнина, Претпријатието ќе биде должно да го пријави вложувањето на Инвестиционото друштво како директна инвестиција од странство во Регистарот на директни странски инвестиции при Централниот регистар на Република Северна Македонија.<br><br>Пропуштањето да се спроведе овој чекор ќе оневозможи Претпријатието да му исплати дивиденда на Инвестиционото друштво. |

Доколку Претпријатието не ја спроведе постапката за зголемување на основната главнина соодветно, кампањата нема да биде успешна и инвестицијата нема да се реализира.

## 5.4 Траење на инвестициониот однос

Содружничкиот договор, и самиот инвестиционен однос ќе прекине:

- доколку Инвестиционото друштво во целост го пренесе својот удел во Претпријатието на трето лице;
- во случај на целосна реализација на ликвидациона постапка на Претпријатието (за спроведување на постапка на ликвидација согласност мора да даде Инвестиционото друштво);
- во случај на целосна реализација на стечајна постапка на Претпријатието.

## 5.5 Надомест

За услугите кои што Funderbeam групацијата ги нуди преку Funderbeam платформата, Funderbeam групацијата наплаќа 4% од вкупно собраните средства од страна на Претпријатијата. Funderbeam групацијата не наплаќа било каков надомест за инвестирање, стекнување на Потврди за инвестиција или тргување со Потврдите за инвестиција.